Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 02-3433/1
17.03.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

14.03.2023 година

АРХИВСКИ БРОЈ:

ДО: Агенција за млади и спорт

Предмет: Доставување на годишен извештај за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади

Почитувани,

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ бр.10/2020) изготвен е Годишен извештај за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади.

Во прилог Ви го доставуваме годишниот извештај за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Изработил: Дајана Тодоровска
Контролирал: Миле Трајковски
Согласен: Јован Стојановски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

АРХИВСКИ БРОЈ:

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ бр. 10/2020) службеникот за млади Дајана Тодоровска го подготви следниот

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
### за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги врши работите што се однесуваат на: земјоделството, шумарството и водостопанството, користењето на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства, ловот и риболовот, заштитата на растенијата од болести и штетници, спроведување на политиката во областа на безбедноста на храна и храната за животни и ветеринарното здравство, следењето и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите, хидромелиоративните системи, хидролошките и агрометеоролошките мерења, како и противградобијната заштита, проучувањето и истражувањето на метеоролошките, хидролошките и биометеоролошките појави и процеси, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики ( „ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 10/2020) и Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 23.03.2021 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на 29.04.2021 година со допис со архивски број 02-4627/1 го номинираше Адем Мецити- референт во Сектор за информатичка технологија.

Во текот на 2022 година доаѓа до промена на службеникот на млади и назначување на нов служебник за млади.

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 23 од Законот за младинско учество и младински политики ( „ Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/20) на 09 октомври 2022 година Министерот донесе решение бр. 04-11109/1 со кое во рамки на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е назначен службеник за млади Дајана Тодоровска- помлад соработник за пазарен информативен систем на земјоделски прехрамбени производи, Сектор за анализа на земјоделската политика.

Во рамки на своите надлежности Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство учествуваше во финасирање на следните активности кои се од делокруг на млади:

- На иницијатива на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство а во соработка со Министерството за образование и наука и Факултетот за Земјоделски науки и храна, Факултетот за шумарски науки и Факултетот за ветеринарна медицина, Владата донесе одлука за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, со што овозможи услови за доделување на стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на земјоделскиот, шумарскиот или ветеринарниот факултет во сите универзитети и високообразовни установи во државата, со месечна стипендија од 18.000 денари за девет месеци во годината.
- Министерството заедно со трите факултети: Факултетот за Земјоделски науки и храна, Факултетот за шумарски науки и Факултетот за ветеринарна медицина потпиша Меморандум за реализација на практична настава и кариерно унапредување на студентите.
- На 28.02.2022 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави јавен повик за ангажирање на волонтери.
- На 07.07.2022 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави прв Јавен оглас за 25 практиканти.
- На 07.10.2022 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави втор Јавен оглас за 12 практиканти.

- На 28.10.2022 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави Јавен повик за 3 пркатиканти.

Изготвил: Дајана Тодоровска
службеник за млади


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015